СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 8 февруари1996 година

Скопје, февруари1996 година

**38-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОДРЖАНА НА 8.02.1996 ГОДИНА**


1. АРСОВСКИ БРАНКО -31
2. АЛИТИ АБДУРАХМАН - 52
3. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО - 6
4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 17
5. БОЈКОВ ИВАН - 40
6. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 20, 77
7. ГОШЕВ ТУШЕ - 32, 34
8. ДИМОВ ЛАЗАР -15, 61, 64, 65
9. МЕВЉАН ТАИРИ -18
10. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ - 53, 55
11. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 4, 65
12. НИКОЛОВСКИ РИСТО - 16
13. ОСМАНИ РУФИ - 71, 74
14. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 22, 26, 37, 46, 51
15. РАМАДАНИ САЛИ - 30, 46, 47, 48, 49
16. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 8, 10, 41, 75
17. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 62, 67, 70, 72
18. ХАСИПИ КЕНАН - 69, 70, 71

<u>Дневен ред од стр.2-4</u>

Точка 1 - на стр.6
Точка 2 - на стр.7
Точка 3 - на стр.57
Точка 4 - на стр.58
Точка 5 - на стр.59
Точка 6 - на стр.59
Точка 7 - на стр.60
Точка 8 - на стр.60
Точка 9 - на стр.61
Точка 10 - на стр.68
Точка 11 - на стр.68
Точка 12 - на стр.69
Точка 13 - на стр.76
Точка 14 - на стр.76
Точка 15 - на стр.77
Точка 16 - на стр.78
Точка 17 - на стр.78
Точка 18 - на стр.79
Точка 19 - на стр.80
Точка 20 - на стр.80
Точка 21 - на стр.81
Точка 22 - на стр.81
Точка 23 - на стр.82
Точка 24 - на стр.82
Точка 25 - на стр.83
Точка 26 - на стр.83
Точка 27 - на стр.84


крај на седницата

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Триесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 февруари 1996 година

Седницата започна со работа во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Триесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ратка Куљан-Зографска, Димитрие Поповски, Николина Трајановска, Јован Србиновски и Панчо Минов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија г-динот Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичката (Државна) изборна комисија.

Записниците од Триесет и четвртата и Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од Триесет и четвртата и Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија се усвоени без забелешки.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да бидат разгледани предлозите на одлуките за давање согласност на Одлуката на Советот на Македонската филхармонија - Скопје за именување работоводен орган и за избор на членовите на управните одбори на здравствениот дом Скопје, здравствениот дом Ресен, здравствениот дом Крушево, Здравствениот дом Радовиш, здравствениот дом Неготино, здравствената станица Железара - Скопје, Медицинскиот центар Кавадарци, Медицинскиот центар Гостивар, Медицинскиот центар Титов Велес, Медицинскиот центар - Струга, Заводот за нефрологија - Струга, Специјалната детска болница - Охрид, Природно лекувалиште минерални бањи Негорци - Гевгелија, Заводот за здравствена заштита Титов Велес, Заводот за здравствена заштита Куманово, Здравствениот дом Пробиштип, Здравствениот дом Пехчево, Здравствениот дом Берово, Медицинскиот центар Тетово, Заводот за здравствена заштита Тетово, Медицинскиот завод за здравствена заштита Скопје, Заводот за здравствена заштита Штип и Заводот за здравствена заштита Кочани.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство, со Предлог на закон.

I/3.-

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството, со Предлог на закон.

4. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Македонската филхармонија - Скопје за именување работоводен орган.

5. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор за здравствениот дом - Скопје.

6. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на здравствениот дом Ресен.

7. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на здравствениот дом Крушево.

8. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на здравствениот дом Радовиш.

9. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на здравствениот дом Неготино.

10. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на здравствената станица Железара - Скопје.

11. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар Кавадарци.

12. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар Гостивар.

13. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар Титов Велес.

14. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар Струга.

15. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за нефрологија - Струга.

16. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на специјалната детска болница Охрид.

17. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација природно лекувалиште минерални бањи Негорци - Гевгелија.

18. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот од"бор на Заводот за здравствена заштита Титов Велес.

19. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита Куманово.

20. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом Пробиштип.

21. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на здравствениот дом Пехчево.

22. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на здравствениот дом Берово.

23. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар Тетово.

24. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита Тетово.

25. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Републичкиот завод за здравствена заштита Скопје.

26. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита Штип.

27. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита Кочани.

Дали има некој предлог за изменуваше и дополнување на дневниот ред.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, имам една забелешка кога беше предлогот од Комисијата за избор и именување поставување на точките на дневен ред, да не ги набројувам со ред кои се однесуваат на предлогот на одлуките за избор на членови на управните

одбори на здравствените организации во Републиката и мојот предлог е овие точки од дневниот ред да се симнат со следно образложение. Имено, Комисијата за избори и именувања овие предлози ги разгледуваше на својата седница која што ја одржавме во вторникот и на самата седница ставив забелешка, бидејќи предлозите на одлуките ни беа доставени непосредно пред самата седница на Комисијата и немавме можност да се запознаеме со предложените кандидати што се за членови на Управните одбори во споменатите организации.

Имајќи предвид дека предлогот, барем како што бевме известени до претседателот на Комисијата на Собранието е стигнат на 29.1., навистина проблематично е прашањето зошто овие предлози ни се доставија пред почетокот на самата седница и немавме можност да имаме поголем увид за предложените кандидати.

На самата седница исто така беше образложено дека во самата постапка за предлагаше на овие кандидати за членови на управните одбори во споменатите организации е вршен голем притисок од страна на поедини директори во овие здравствени организации со предлагање на свои луѓе во управните одбори. Со тоа сметам дека се нарушува еден принцип за контрола, односно за целосно учество на претставниците на државата во управувањето на овие организации кои што се од битно значење за развојот на здравствените организации во Републиката.

Поаѓајќи од тие причини, имајќи ја предвид и важноста за овие прашања а со тоа што и овде на самата седница пред самиот почеток еве некои уште ги немаат и погледано овие предлог - одлуки предлагам овие точки да се симнат од дневниот ред на денешната седница. Инаку сметам дека ќе се воведе една практика понатаму за вакви важни прашања да одлучуваме без некоја посебна припрема и без некои подготовки за одлучувањето.

I/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

28 гласаа за

Констатирам дека предлогот на г-дин Најдовски не е усвоен.

Дали има друг предлог? (Нема)

Бидејќи нема друг предлог, тогаш го ставам дневниот ред на гласање.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

89 гласаа за.

Дали е некој против? (двајца)

Дали некој се воздржува од гласање? ( двајца)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на **точката 1** - Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Извештаите на Републичката (држава) изборна комисија и на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања ви се поделени.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања.

**ЉУПЧО ДЕЛИЧЕВ:**

Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија на денешнава седница го разгледа Извештајот на Републичката (државна) изборна комисија за спроведените дополнителни избори за избор на еден пратеник во Собранието на Република Македонија од изборна единица број 114 општина Центар и му предлага на Собранието да го донесе следниот заклучок:

Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања разгледувајќи го извештајот утврди дека изборот е спроведен на начин и постапка пропишана со закон за избор на пратеници, поради што предлагам на Собранието да го верифицира мандатот на избраниот пратеник Амди Бајрам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање Извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања.

Кој е за Извештајот и предлогот молам да крене рака?

95 гласаа за.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

Констатирам дека извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Амди Бајрам. На г-динот Бајрам му честитам и му посакувам успешна работа во Собранието. (Аплауз)

Минуваме на **точката 2** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

I/8.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, овој закон денеска треба да го донесуваме по скратена постапка со што со неговите измени и дополнувања за да го фати чекорот со донесените закони во судството и да можат да претставуваат една целина тоа што би требало да ја заокружи и да ја стави на функција третата власт, судската власт во нашата држава.

Моите забелешки се од фундаментална природа, имено, сметам дека еден ваков важен закон не требаше да оди како измена и дополнување иако е доста краток, требаше да оди како нов закон и тоа во две фази, бидејќи сепак се работи за една сериозна материја, а сметам дека имаше доволно време динамиката да се усклади и практично и овој закон биде донесен и изгласан и да претставува една заедничка целина како што беше со Законот за судовите.

Ќе искористам прилика доколку може практично да се прифатат овие мои забелешки инаку имаме и на овој предлог на измени на законот неколку принципиелни забелешки кои што произлегуваат првостепено од она што претставува единствен систем на овој закон. Не ми е логички и не можам да се согласам само државниот обвинител да го избира ова Собрание, а сите други ги избира Владата на Република Македонија. Ако го усвоиме ова решение, практично јавното обвинителство е во функција на извршната власт и не може да стане збор дека овој орган ќе може независно да ги извршува своите одговорни задачи.

Второ, не можам да сфатам дека се имаме единствен систем ако највисокиот орган обвинителот на Република Македонија го избира Парламентот, а сите други ги избира Владата на Република Македонија. Ако ние тука ќе ги избереме и судиите во основните судови кои што се многу повеќе на број, тогаш се поставува едно логично прашање зошто да не го избираме и обвинителот во основните судови и обвинителите

кои што ќе треба да ги покријат апелационите судови за да имаме една хиерархија, за да имаме една компатибилност, за да имаме една пирамида која што ќе одговара пред ова Собрание.

Исто така имам забелешка на мандатот на обвинителите и не .гледам логика судиите да ги избираме во мандат неограничен, а за обвинителите важи променливост на мандатот. И ова укажува дека и тука извршната власт ќе има огромно влијание врз обвинителството со самото тоа што нивниот мандат ќе биде на проверка секои 6 години Решенијата кои што во материјалот се даваат како непоредни за слични решенија во други држави ....

II/1 JJ/НД

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Не ги прифаќам од едноставна причина што практично, обвинителот и судовите треба да претставуваат една целина и во основа не треба да вршиме никаква дискриминација ниту позитивна ниту негативна, ниту во однос на едните ниту во однос на другите. Ова се моите начелни забелешки и молам пред се овој закон да не се усвојува. Тој е добро преработен и лесно може како втора фаза да оди со забелешките што денеска ќе ги искажеме, за да можеме ова јавно обвинителство да го поставиме на она рамниште на кое што треба да биде. Во спротивно овој закон донесен во ваква форма ќе ни даде за сомневање дека се работи за ставање на капа и на оваа многу витална област.

Да не навлегувам во некои членови кои што не се додефинирани, ми падна во очи оној член каде што се забранува примање на податоци без да се наведе вредноста на тие подароци, без да се наведе структурата на тие податоци, со еден збор се дава една широка можност за злоупотреба во негативна смисла, за безначајни работи да може да се манипулира и практично да се елиминира некој од оние кој дури многу чесно и совесно си ја извршува задачата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

И денеска како и пред една година, пред ова Собрание се наоѓа уште еден од проектите на закони од правната сфера односно правниот систем, со кој полека се приближува заокружувањето на оваа материја. Откако го погледнав овој предлог односно Предлогот на дневниот ред мислев дека ќе се работи за обично изменување и дополнување. Меѓутоа, откако го погледнав добро, од обемноста и содржината на овој

предлог се гледа дека се работи за една посериозна работа и пошироко интервенирање на предлагачот на овој закон.

Во причините поради кои што се предлага да се донесе овој закон, се истакнуваат посебно и тоа:

Прво, неопходноста за истовремена примена на овој закон со соодветните одредби за организација и надлежноста на судовите содржани во Законот за судовите.

Второ, одлуката на Уставниот суд на РМ со која е укинат членот 26 од Законот за јавното обвинителство за да се врши усогласување на истата.

Трето, доследната примена на уставната поставеност на јавното обвинителство посебно што се однесува до единственоста, самостојноста и принципот на хиерархијата и субординацијата и

Четврто, потребата за доуредување на односите во делот на административните работници.

Начелно тука нема ништо лошо, нема ништо лошо ни до основните начела, врз кои се заснова донесувањето на законот како и актите што треба да се донесат за спроведување на законот. Меѓутоа, една формална лоша страна е што овој предлог за донесување на законот се предлага во една скратена постапка, иако е многу сложен и прилично обемен закон, па затоа сметам дека не би требало да се претресува на иста седница на која се предлага и Предлогот за донесување на закон.

Уште полоша е состојбата што се однесува до материјално правната гледна точка односно содржината на законот. Тука работите се од многу посериозна природа и треба повеќе да се задржиме и постудиозно. Наиме, нормално би било законските проекти при секое изменување и дополнување да се усовршуваат, дотеруваат и да бидат

на повисоко, поквалитетно ниво од претходните односно да се доградуваат согласно на новите прилики и барања, како и врз основа на секојдневната практика своја и меѓународна.

За жал ова е еден од најслабите предложени закони за цело време од првиот ден до денеска во составот на овој Парламент. И тоа само со едно мало споредување со самиот закон што се предлага за именување и дополнување, некако свесно или несвесно предлагачот односно составувачот прави една ретроградна парабола односно назадување и од формален и посебно од материјален аспект. Така на овој начин ни се предлага еден многу лош текст отколку што имавме досега. Раката на составителот не е иста, првата е многу постручна, додека оваа втората лаичка. Ако е случајно уставно речено иста, тогаш состојбата е уште полоша, дури и трагична, па ќе се постави прашањето зошто вака? Зошто се паѓа на многу пониско ниво. Ако е свесно направено тогаш е уште полоша и потрагична од незнаењето, бидејќи ќе се побара позадината која што веќе нема врска со правото, туку со политиката. А се знае што е право, а што политика. Тогаш ќе се постави прашањето дали овој дом работи на правна основа или пак е политичка организација на што и онака личи многу пати да не речам редовно. Ќе се обидам да конкретизирам само некои од многубројните бисери, т.е. недостатоците на овој проект што ни се предлага:

Прво, додека во досегашниот закон сходност како и досега со судиите Собранието на РМ утврдува критериуми за определување на бројот на заменици јавни обвинители и го определува нивниот број до новиот предлог, улогата на таков поглавар ја презема извршната власт, т.е. Владата и тоа се обидува на еден процедурален начин да го измами Парламентот дури и законски да го санкционира,т.е. правно да го нормира.

II/4

Второ, додека Собранието на РМ го именува и разрешува претседателот и судиите на сите инстанци со предложениот закон, ова надлежност му припаѓа само за именување и разрешување на јавниот обвинител т.е. не и на замениците и се прави обид да му се одземе ова право, кое му беше поверено досега. Владата го узурпира ова право и за замениците на јавниот обвинител на РМ како и за обвинителите и нивните заменици на основните и вишите јавни обвинители. Значи Владата се поставува хиерархиски и суберординаторски на јавните обвинителства јавните обвинители и нивните заменици, што е во јасна спротивност и контрадикторност со самиот член 2 на овој предлог според кој хиерархијата и субординацијата му припаѓаат на јавниот обвинител на РМ.

Трето, за време на расправата околу Законот за локалната самоуправа беше речено дека употребата на јазиците ќе биде регулирана и во законите на правниот систем посебно, а во овој закон нема ниту збор, како да не се употребува еден од јазиците во јавните обвинителства и полека вака некако, неприметно се дистанцира и овој проект од член 7 став 2 и 3 од Уставот на РМ.

Четврто, во овој предлог нема ниту еден параграф што се однесува до уставното и меѓународното загарантирано право на еднаквост на сите граѓани кога се работи за оваа материја без разлика на националност, национална, верска /јазична, кожна и тн. припадност, а е познато во блиското мината па и сега не се имуни јавните обвинители за тоа како се однесувале спрема припадниците на албанската националноста кога измислувале непостоечки кривични дела и од вербални таканаречени деликти креирале политички и телесни криминалци.

Петто, изгледа дека предлагачот на овој проект не е задоволен со непосредната надординација на јавните обвинителства, туку претендира да го материјализира и преку полицијата со нејзино мешање во надлжно-

стите на јавните обвинители преку таканаречени инспектори од кои треба да побара помош за одреден период.

Шесто, предлагачот на јавните обвинители и нивните заменици им дава право на службена дозвола на носење на оружје и набавка на соодветна муниција, меѓутоа не прецизира дали тоа ќе им служи за лов или ќе го носат во канцеларија и во салата на судовите, што би било лошо без логика, бидејќи овие органи треба да работат со оружјето на правото, правдата и праведноста, а не со огнено оружје, бидејќи во случај на потреба има кој да ги обезбедува. Толку ли се плаши предлагачот од својот народ и своите граѓани.

Седмо, во овој предлог за донесување на закон има и многубројни логички, технички и граматички грешки кои би требало да се исправат а јас овде се одлучив за да некој се исправат подготвив амандмани како добронамерно интервенирање.

И на крајот бидејќи со овој закон не е тешко да се подразбере интенцијата на Владата на РМ за посебно и тоа безцентрализирање на централната власт и нејзината поставеност над сите државни органи, па и над легислативата, како што би требало да биде овој Парламент, земајќи ги највиталните ингеренции и на самата држава, а со тоа се продлабочува политичката, целокупната политичка, економска и целокупната криза за чие санирање еден ден ќе биде многу касно и овој народ ќе го чини многу. Затоа предлагам овој предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство да не се прифати, туку да се врати во повторна процедура и притоа да бидат земени предвид и овие забелешки и да доживее и втора фаза, да се дотера и после еден месец да се достави во вид на предлог на закон.

II/6

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, од образложението за донесување на закон за измени и дополнувања на Законот за обвинителството каде што се наведени службените весници во кој што се сигурно вршени измени на постојниот закон, од 1992, 1993 и 1994 година а во согласност со одлуките на Уставниот суд за некои неуставност во тој закон, се предлага овде пред нас закон за измени и дополнувања на законот за јавните обвинители, со што треба да се заокружи оној дел на законите што ја регулираат материјата на судството.

Јас овде не можам да одгонетнам за што се работи. Ако го погледнеме овој предлог закон можеме да видиме дека скоро секој член на постојниот закон се менува бидејќи истиот закон е менуван 199 2, 1993 и 1994 година, ми се врти во главата заклучокот дека дефакто ние сега го менуваме и изменетиот закон сигурно од бившата држава. Прашањето е следно - зошто подготвувачот на предлогот не се потрудил, при такви промени и покрај тоа што во образложението пишува во скратена постапка дека се работи за небитни промени, а бидејќи овде секој член се менува, која е таа потреба да донесуваме закон за измени на Законот,наместо да се донесе Закон за јавното обвинителство што би одговарал на словото и духот на Уставот. И зошто уште еднаш се бара по безброј пати, скратена постапка. Што е тоа, при ваков однос на силите во Парламентот, зошто министрите се плашат за една нормална процедура во која што барем пратениците ќе имаат алиби дека за нешто расправале. Зошто е потребата од донесување на закон по итна постапка, која е таа потреба, бидејќи таму рокот е 1 јули кога треба сето тоа да профункционира, се надевам дека во една нормална постапка сето ова може да заврши. Јас не навлегував во

содржината на законот, туку едноставно инсистирам оваа седница да ја искористиме како седница на која што имаме предлог за доетесување на закон а овој закон да не ни дојде како закон за измени и дополнувања на закон, туку како закон Затоа се залагам да оди во редовна процедура.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ристо Николоски.

**РИСТО НИКОЛОСКИ:**

Колеги пратеници, пред нас го имаме законот за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство, Неспорно е дека овој закон во правец на усогласување, терминолошки и со роковите за започнување со примена на законот за судовите, треба да се донесе. Меѓутоа, кога ќе го погледнеме тврдењето дека се работи за закон кој што не е сложен и кој што треба да се донесе во скратена постапка, а од друга страна содржината што се нуди во овој закон, јас лично не можам да бидам убеден дека се работи за закон кој што не е сложен и дека треба да се донесе по скратена постапка.

Имено, со овој закон покрај терминолошките и усогласувањата со роковите се прават и некои суштински промени, пред се промени кои да речам не се во согласност со регулативата дадена во членот 106 став 3 од Уставот каде што се регулира начинот на изборот на јавниот обвинител и фактички се редефинира таа одредба од Уставот со нудење на некои нови решенија во начинот на именувањето на јавните обвинител; и на замениците јавни обвинители, јавниот обвинител во вишите обвинителства и јавните обвинители во основните обвинителства.

Од друга страна во понатамошниот текст на предлогот се даваат некои нови решенија и овластувања на јавните обвинители,кој што

сметам дека не се до крај разработени и внесуваат некои нејаснотии во практичната примена на тие регулативи.

Од тие причини, а со цел и во интерес да се донесе поквалитетен закон односно да се внесат поквалитетни регулативи и од името на пратеничката група на Либералната партија, предлагам овој закон да се донесе во две фази а не по скратена постапка како што е предложено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници,во начело го поддржувам текстот и попосле ќе изнесам неколку забелешки, кои што исто така ги изнесов и вчера на седницата на Законодавно - правната комисија.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Ние сме сега во фаза на трансформација и реформи на казненото право согласно демократската и правната држава и согласно новите општествени промени. Овој Парламент пред неколку месеци го донесе Законот за судство и во него утврдува дека организацијата на судовите и стварната надлежност ќе се применуваат од јули оваа година и тоа неопходно детерминира измени и дополнувања на постојниот Закон за јавно обвинителство.

Измените сметам дека се неопходни со цел за доследна промена на уставната поставеност на јавното обвинителство како единствен и самостоен државен орган кој ќе ги гони сторителите на кривични дела, односно ќе бара поведување постапка таму каде има претпоставка дека е извршено кривично дело.

Моите забелешки се следните.

Прво, текстот на постојниот закон наведува дека јавниот обвинител на Република Македонија го именува и разрешува Собранието на Република Македонија по предлог на Владата и секако овој орган одговара пред Собранието и Владата, додека за замениците јавниот обвинител на Република Македонија, за обвинителите на вишите јавни обвинителства и на основните јавни обвинителства и за нивните заменици се наведува дека ги именува Владата по предлог на министерот за правда.

Мнозинството од членовите на Законодавно - правната комисија вчера го поддржаа амандманот дека за замениците на јавниот обвинител на Република Македонија, за јавните обвинители и нивните заменици од виш ранг и основен ранг исто така постапката да важи како и за јавниот обвинител на Република Македонија, односно и тие треба да бидат избирани, односно именувани од страна на Собранието на Република Македонија по предлог на Владата.

Сето тоа е во функција на остварувањето на ефективната самостојна судска власт иако знаеме дека јавното обвинителство е државен орган меѓутоа неговата функција е непосредно поврзана со судската власт. Јас мислам дека сите ние ќе се согласиме дека реално практиката покажува дека најмногу притисок се врши врз овој орган. И судските органи првенствено доаѓаат од извршната власт. Исто така сметам дека ќе се согласиме дека најмногу прекршувања на прази лата, односно на законите произлегуваат првенствено од самите органи на државната власт. Затоа при наши услови и односи во транзиција веројатно би требало посоодветно, поадекватно и извршната власт да држи рацете подалеку од јавното обвинителство. Тоа е од причина затоа што се поставува прашањето како, дали и ќе биде можно покренување на постапката против едно влијателно лице во органите на државна- та власт ако тој е во позиција во секој момент него да го смени. Јас мислам дека одговорот е не, односно негативен. Затоа апелирам до овој Парламент да го поддржи ставот заземен вчера на Законодавно - правната комисија, иако министерот вчера не се согласи, веројатно денес ќе ги изнесе и дополнителните аргументи во врска со тоа.

Второ, сега сме во фаза на деиделогизација на казненото право, така што делата против државата се сведуваат во рамките на забрана на насилно уривање на правниот поредок и конкретни дела како што се тероризмот и тн. Од друга страна ние веќе имаме нови кривични дела кои досега беа непознати во системот, на пример компјутерскиот криминал што претпоставува продирање до податоците за одредени лица, еколошкиот криминал, лажното банкротирање, новиот квалитет на правата на човекот и тн. и од тука се поставува едно прагматично прашање а тоа е дали постојниот кадар во јавните обвинителства е способен да ги сфати овие работи односно да има стручна подготовка за овие прашања. Затоа се поставува прашањето за неопходно нивно

стручно усовршување, иако во законот нешто во таа смисла постои, но сметам дека тоа не е операционализирано и секако треба понатаму со посебен акт, веројатно џа. Владата односно министерството да се институционализира.

Трето, постојните рокови во врска со работното искуство, кои се идентични како во Законот за судовите сметам дека нема да дозволува подмладување во оваа структура.

(Со седницата продолжи да раководи господинот Тито Петковски, потпретседател на Собранието).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги што се однесува до донесувањето на законот за изменување на Законот за јавното обвинителство во начело се согласувам со предложената иницијатива со корекциите кои се нужни за остварување на датите и временските дистанци, но јас морам да го коментирам следното.

Во рамките на Предлогот за донесување на законот добивме и образложение во кое во принцип треба да добиеме одговор на одредени размислувања кои ги имал предлагачот кога седнал ова да го формулира и да ни го достави.

Ако го погледаме образложението на законот ќе видиме дека во него се образложуваат споредните работи а не главните. Ќе кажам зошто така мислам.

Во осум члена од овој закон се третира прашањето на преземањето на Владата на функцијата на назначување и разрешување на об-

винителите и нивните заменици. Тоа значи дека некаде 1/4, односно 25% од законот се третира токму тој предмет, а сите други работи добиле само по еден до два члена. Според тоа мислам дека доминантна тема на овој закон е токму желбата Владата да ги преземе ингеренциите во назначувањето на целата хиерархија освен републичкиот обвинител. За жал соодветно на тоа во образложението нема ни збор за тоа односно ако го погледаме добро првиот пасус се однесува на датите всушност скоро цела страница има за датите, потоа има за членот 26 кој го оспорува Уставот еден пасос, па има за хиерархијата еден пасус и за секретарите. Овој дел што јас го напоменувам, ако во основа претставува срж и најголем дел на законот воопшто ништо нема.

Според мене мислам дека воопшто со овој закон не треба да задираме во тој дел, да го оставиме онака како што стои во досегашниот закон, односно Собранието да ги назначува замениците и целата хиерархија на јавното обвинителство.

Јас истото ова го изнесов и на Комисијата за внатрешна политика и одбрана но за жал и од претставникот на Владата кој беше таму присутен не добив образложение со ниту еден збор која беше желбата интенцијата и целите на Владата, на предлагачот во понатамошниот период изборот на замениците да го врши Владата. За жал и сега сеуште тоа образложение го немам.

Исто така морам да кажам дека го видов извештајот на Законодавно - правната комисија и мило ми е што во потполност нивното размислување се совпаѓа со моето размислување и амандманите кои од прилика се дадени тука го опфаќаат моето размислување. Заради тоа јас и не дадов никакви амандмани на овој текст. Сепак мислам дека 25% од законот се занимава токму со тој предмет, и изменувањето на овие работи амандмански всушност претставува доста голема промена на

законот и затоа предлагам законот да оди во втора фаза, да им дадеме шанса на предлагачите да го коригираат и да ги прифатат сугестиите на Законодавно - правната комисија и сугестиите кои досега беа изнесени на оваа говорница.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Можеби ќе заштедам поголем дел од енергијата и евентуално и идни дискусии доколку однапред кажам дека ценејќи го расположението и начинот на разбирање на определени дефиниции во однос на изборот на сета персонална структура на обвинителството, а тоа значи на функционерите и извршителите на функцијата на обвинителството, а тоа се обвинителите и замениците на сите нивоа дека ќе се согласат со амандманот на Законодавно-правната комисија со основно уважување токму на расположението, а не на аргументите. Предлагам да си останеме двете страни на своите аргументи и аргументите би ги расправале не на Парламентот, во парламентарна процедура, туку напросто на стручен план. Но, сепак би сакал во ова мое јавување да укажам на некои забелешки кои што фрлаат сенка а немаат основа во Предлог-законот за измени и дополнување на Законот за јавно обвинителство, туку имаат основа во криво разбрани и протолкувани предлози за измена освен за овој на пример, кој што по расположение поинаку се сваќа, или пак за некои приговори кон законот кои што можат да произлегуваат од една инерција на свеста, или на разбирањето до таа мера што се поистоветува со било каква процедурална надлежност на Владата со поимот или со ставот дека било каква надлежност на Владата значи мешање на извршната власт во нечии функции, во некоја друга власт и напросто тоа како призрак, наеднаш, автоматски се отфрла воопшто, се отфрла воопшто разговорот или можноста да се разговара за да се види дали тоа навистина значи мешање на извршната власт во некои други власти или во функции на некои самостојни органи што

III6.-

веднаш да изјавам дека воопшто предложените надлежности на Владата не значат тоа, воопшто се нема никаква намера некој орган што инаку е самостоен и има самостојна функција или самостојно функцијата треба да ја извршува дека Владата има намера да го доведе под капа или да манипулира со одредени органи волонтористички. Еве да укажам.

Измените и дополнувањата, доколку го ставиме настрана изборот на обвинителите и нивните заменици, што значи дека се согласувам со оној амандман и тој не го ставам во дискусија, претставува натамошно доуредување на јавното обвинителство по строгото слово на Уставот на членот 106. Да потсетам дека во Уставот пред членот 106 има наслов подточка 5. "Јавно обвинителство" што значи дека институтот или институцијата е јавно обвинителство и е употребено во еднина со што се сака да се укаже или да се даде понатаму основа за операционалната дефиниција дека јавното обвинителство е единствен државен орган. Од тие причини во членот 1 во членот 7 и во членот 17 став 2 од стариот текст на Законот за обвинителството се избегнуваат поимите "јавни обвинителства". Од тие причини редакцијата на овој предлог е поуспешна, не поуспешна како авторство туку поуспешна во правна смисла, во смисла на усогласување на овој правен текст со Уставот.

Да ве потсетам, членот 1 на постојниот Закон за јавното обвинителство вели вака: "Со овој закон се основаат јавните обвинителства,", тоа значи повеќе јавни обвинителства. Во Уставот нема наслов "јавни обвинителства" има наслов "јавно обвинителство". Во дефиницијата има дека јавното обвинителство е единствен орган, а се поставува прашањето од техничка гледна точка, тоа е одговор на почитуваниот господин Сали Рамадани дали кога се употребува поимот јавни обвинителства може да се смета посигурно дека станува збор за единствен орган, или кога се употребува поимот "јавно обвинителство"

може да се смета дека станува збор за единствен орган. Имено, кога се употребува поимот во еднина тогаш тој поим одговара повеќе на операционализираната дефиниција каков.. е тој орган, дека е тој единствен орган. Затоа измените во член 1, 7 и 17 став 2 се сосема коректни.

Понатаму, во членот 106 се вели дека јавното обвинителство е самостоен државен орган. Тоа е вториот атрибут и суштински атрибут. Тука е проблемот и дискусијата. Дали со овој предлог се нарушува самостојноста на јавното обвинителство или не се нарушува. Тврдам и веднаш ќе дадам аргументи дека не се нарушува во степенот на кој постојниот закон ја предвидува таа самостојност, туку спротивно се дополнува, се зајакнува самостојноста на јавното обвинителство поради измената на член 31 став 1 точка 6 каде што се вели: "Јавниот обвинител и заменикот јавен обвинител" значи секој јавен обвинител и секој заменик се разрешува, точка 1, кога тоа сам ќе го побара. Значи никој не манипулира со него.

Второ, кога трајно ќе ја загуби психофизичката способност за вршење на функцијата на јавно обвинителство во јавното обвинителство што го утврдува Владата на Република Македонија врз основа на документација со наоѓа и мислење на надлежна здравствена комисија, што значи материјалниот факт е во комисијата здравствена. Владата врши техничко констатирање на постоење на таков пат за престанок за разрешување.

Трето, кога ги исполнува условите за старосна пензија. Нема дискреционо право што се утврдува, со 65 години или 40 години стаж.

Кога е осуден за кривично дело, но безусловна казна, казна затвор во траење од најмалку 6 месеци нема дискреција бидејќи се утврдува врз правосилна и конечна одлука од ефективни шест месеци.

III8.-

Кога ќе се утврди дека извршил потешка дисциплинска повреда на функцијата јавен обвинител или заменик јавен обвинител утврдена со закон што го нарушил угледот на функцијата на јавното обвинителство. Нема надлежност на Владата, има надлежност на дисциплинскиот старешина, на јавниот обвинител на Република Македонија, што значи завршува во рамките на јавното обвинителство.

И точката 6 каде што се зголемува самостојноста со дополнението но не со основниот текст, а тоа значи вака: "кога нестручно и несовесно ја врши функцијата во јавното обвинителство што го утврдува Владата на Република Македонија", точка основниот текст на сегашниот закон. Тоа значи дека Владата во точката 6 има простор за дискреционо право, за субјективна проценка и по волја да покрене разрешуваше на јавен обвинител тогаш кога таа ќе смета дека овој е неспособен и нестручен, па поставува прашање дали Владата има критериум и дали Владата располага со услови да може да процени кој обвинител е стручен компетентен и кој обвинител е совесен со оглед на тоа што обвинителите не се владини службеници па да ги посматра Владата како работат, дали редовно, совесно и стручно. Нашата дополна во точката 6 е на предлог на јавниот обвинител, точката се брише, на предлог на јавниот обвинител на Република Македонија што значи дека Владата може да покрене постапка за разрешување на јавен обвинител и на негов заменик само тогаш кога има предлог од јавниот обвинител на Република Македонија за нестручност и несовесност. Тоа е комплетната скала на можност за разрешување. Што значи да заклучиме.

Владата нема никаква можност да разреши јавен обвинител. Затоа отпаѓаат и немаат основа во Предлогот на законот дефинициите како што е "Владата е во позиција да го смени во секое време обвинителот", како што ја искажа господинот Билали, кое што нема никаква основа или врска со текстот на законот. Имено, Владата нема никаква можност да го смени.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:(**продолжение)

Имено, надополнувањето на точката 6 отидовме, а Владата се согласи, ова е владин предлог, а инаку пред Владата е предлог на министерот, усогласен со Јавното обвинителство, да го додадеме тоа, за да не го оставиме Јавното обвинителство на ветрометина на евентуално владино расположение по партиска основа, врз политичка основа или врз било која, што значи дека Јавното обвинителство ние го разбираме како правна институција, а не како политичка институција и тоа нема врска со политиката, туку има врска со правото.

Дополнителен аргумент: во предлогот за изменување и дополнување нема никаде измена и дополнуваше на основниот текст, каде што сметаме дека е добро и кое што е сосема во рамките на досегашниот развој на оваа правна институција, никаде нема можност Владата или министерот за правда да дава какви и да се насоки или инструкции на работата на јавниот обвинител или на негов заменик, што не е случај со правните поредоци и односите на Владата и министерот за правда во Франција, Италија, Данска, Холандија, Луксембург, Шведска, Португалија или во земјите од парламентарната демократија. Меѓутоа, нивните правни поредоци се развивани во една традиција, надградувани или сегментирани подолго време, нашиот е развиван во рамките на скупштинскиот систем на моделот на единството на власта, имаме многу мал период на модел на поделба на власта и треба долго време да се исегментираат одредени нијанси за да во дадена ситуација, кога се даваат одредени надлежности на Владата, доколку не се во материјална смисла, во суштинска смисла навистина со ефект на загрозување на самостојноста на одреден орган да се сфатат само како надлежности на Владата , кои можеби воведуваат само рационалност и ефикасност во постапката.

IV/2.-

Тука ќе ви дадам една информација. Во многу земји, скоро во сите, само генералниот Јавен обвинител може - во одреден број на земји, односно во многу земји генералниот јавен обвинител го избира Владата, а неговите заменици комплетно ги избира министерот за правда или ги избира самиот генерален јавен обвинител како свои службеници. Во одреден број земји, како во Словенија, Франција, Италија генералниот јавен обвинител го избира Парламентот, но сите други како персонален состав ги избира Владата. Тие се таму исто така дефинирани како самостојни, како и кај нас. Меѓутоа, ние под поимот - самостојност подразбираме, фетиш, односно сметаме дека самостојност е и да не смее на пример министерот на Владата да ја отвори вратата, да се фати за кваката од канцеларијата на обвинителот на Република Македонија, бидејќи тогаш веднаш ќе се сфати, доколку биде и фотографиран, дека ја нарушува самостојноста на Јавното обвинителство или пак ако јавниот обвинител влезе во Владата или кај министерот исто така ќе се посомневаме. Ние имаме висок праг на осетливост и се сомневаме во се кога нешто се доближува до Владата или до друга област. Имено, предлогот тргнуваше од една поширока пракса, која не пречи и таму каде што е дефиниран поимот на самостојност и во другите земји. Се сметаше, бидејќи се објективизира врз законска основа разрешувањето на јавниот обвинител, каде што Владата нема никакви ингеренции, бидејќи се сметаше дека генералниот јавен обвинител, по принципот на хиерархијата и субординацијата е врвот на пирамидата и тој практично по неговите надлежности на авокација на давање задолжителни инструкции внатре во службата дека се обезбедува единство на организацијата и на функционирањето, дека не ќе пречи ако Владата како поефикасно ја води само постапката за избор на пониските или на замениците на обвинители. Тоа би биле само акт на избор, но не акт на

разрешување, не акт на давање инструкции или заплашување и ставање во некоја позиција на несамостојност. Што значи самостојноста во смисла на статусно функционална смисла, само во една држава некој орган може да има статусно функционална самостојност, особено овој орган, а тоа е максимално обезбедено. Меѓутоа, за да не поведуваме многу полемика, затоа што расположението е друго, начинот на разбирањето на дефинициите е друг, јас сега изјавувам:

Се согласувам со амандманот на Законодавно - правната комисија, да си остане основниот текст на Законот за избор на обвинители и на заменици во целина, и тврдам дека тоа е потполно исто од становиште на можноста на Владата, бидејќи основниот текст што сте го изгласале 1992 година вели: "На предлог на Владата Собранието го избира Јавниот обвинител и заменикот обвинител", како генерички поим ги употребува, значи сите јавни обвинители, сите заменици. Бидејќи е на предлог на Владата, Владата својот кадровски поглед ќе го изрази преку предлогот, а Собранието ќе гласа за оној предлог што ќе дојде од Владата, што значи дека во тој момент Собранието ја претпочитувало таа можност на Владата, сега му се чини дека би се пресилило ако се оди на варијантата на измената - се согласувам, се враќа назад на основниот текст и на тој начин мислам дека само евентуално постапката ќе биде подолга, посложена, ништо квалитетно друго нема да се добие, а квалитетното во измените што се добива е што ние го објективизиравме статусот да не може извршната власт, ниту Собранието, да простите, да го смени јавниот обвинител по основ на оценка на несовесност или нестручност, ако нема предлог од јавниот обвинител на Република Македонија, што е доста голем аргумент за изградување на самостојно Јавно обвинителство.

IV/4.-

Завршувам со ова. Околу дефинициите дека со овој закон ја заокружуваме сферата на законите од судската област не е точно. Дека овој орган припаѓа на правосудната сфера, не е точно. Овој орган е посебен државен орган кој воопшто не е дел од правосудната сфера, и не е дел од судската власт, ниту законот влегува во законите од судската власт. Овој орган е државен, посебен, единствен самостоен орган во областа на прогонот на кривичните и другите казниви дела и најблиската позиција му е со криминалната полиција. Идејата во членот 16-а, што е погрешно разбрана од уважениот, многу уважениот г-дин Сали Рамадани, го реков многу чисто, затоа што ме поттикнува извонредно многу да мислам, иако заземам спротивни позиции. Имено, идејата е токму таа што ја кажа г-динот Сали Рамадани, имено, досега ситуацијата е следна: во преткривичната и предистражната постапка обвинителот не може сам со службеници на кои тој ќе им дава инструкции, насоки, што да бараат, каде да бараат, како да бараат, да дојде до свое сознание дали постојат елементи на кривично дело, дали постои кривично дело, дали постои сторител. Тој мора да чека пасивно полицијата или МВР да му даде елементи. Многу често му дава само пријава без опис и го притиска или го изложува да го покрене актот за истрага или за обвинение и на тој начин го става во една нерамноправна положба или по дефиниција по сегашните норми јавниот обвинител е најпасивната странка иг-во откривањето на кривичните казниви дела и во водењето на постапката и дури има претерани дефиниции со кои обвинителите не се согласуваат, меѓутоа, од науката се дадени, Јавниот обвинител е странка без кој се може во постапката. За да се сврти позицијата, јавниот обвинител да биде еден од носителите на прогонот и да биде еден од факторите во разоткривањето на сторители на кривични дела се прави

еден чекор кога тој ќе побара во предистражната и предкривичната постапка тие инспектори да работат по негов налог и тој да има над нив функционална и службена власт, а не да ги моли да му дадат или да се обраќа со писма, тој орган кој ги открива сторителите на кривични дела, МВР, да оценува дали ќе му даде, дали нема да му даде, колку ќе му даде, а колку нема да му даде. Следниот чекор од овој получекор што се прави овде, и што е насочен во ЗКП сигурно ќе биде јавниот обвинител да биде основниот раководител во откривањето и гонењето на сторителите на кривичните дела, да биде тој што ќе биде наредбодавач, над службата на криминалната полиција во кривичниот прогон. Таа ќе си остане и, понатаму како структура на МВР, меѓутоа, кога станува збор за сторено кривично дело, кога ќе добие информација тој ќе биде тој што ќе биде господар на ситуацијата на истражувањето. Кон таков чекор мислам дека тендираше и овој основен закон или и претходниот министер за правда, колку што можев да го разберам на Законодавно - правна комисија, кога станува збор за исчекорување кон поактивна улога на јавниот обвинител.

Затоа, мислам, бидејќи главниот камен за сопнување, а тоа беше кој да ги избира овие, се надминува со моето прифаќање на амандманот од Законодавно - правната комисија и сметам дека овој закон не е сложен, дека е јасен, дека ја подобрува ситуацијата и дека може да се донесе на оваа седница, како што заклучи и Законодавно - правната комисија имајќи ги предвид сопствените амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Бранко Арсовски.

IV/6.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Еве, јас ќе кажам зошто,, го прифаќам овој предлог за донесување на закон, за изменување и дополнување на Законот за Јавно обвинителство. Министерот претходно покрај ова што е содржина на самиот предлог за изменување и дополнување на Законот, малку повеќе се задржа на самата содржина на претходниот текст на Законот во однос на процесната, вонпроцесната, управната и друг вид постапка и во тој дел мислам дека не треба да се впуштаме, заради тоа што самиот текст понуден во измените и дополнувањата на Законо, на повеќе се однесува на организационата поставеност на самото обвинителство, а тоа значи подобрување на неговата поставеност како треба да ги извршува сите оние задачи кои произлегуваат од позитивните законски прописи кои се врзани за кривична постапка, процесна постапка и да не зборувам за Законот за судовите. Не случајно во самиот закон само во причините се кажува дека овој закон треба да се усогласи со донесениот закон за судовите и во таа смисла , паралелно со остварувањето на законот за судовите да се остварува и овој закон за обвинителство од 1 јуни 1996 година и во тој контекст мислам дека јас немам никаква забелешка, дури , сметам дека е позитивно во оваа смисла што Парламентот не дава предлог за министрите и за јавниот обвинител, заради тоа што се пренесува на Владата. Јас не гледам дека ние во државата во било кој закон, па и ние како субјекти имаме апсолутна самостојност. Не може, тоа не е својствено дека ние како граѓани, на крајот на краиштата и како одредени државни органи мора да има одредена зависност заради тоа што некој ги избира, а ги избира Владата. Тоа в основно за мене, имајќи го предвид досегашното искуство и читајќи ги извештаите ка јавните обвинителства во Република Македонија  дојдов до констатација дека

јавниот обвинител кој има самостојно право да покренува одредени постапки самоиницијативно без другите органи, во самата структура, се однесува само на 0,5%. Субјективниот фактор е многу значаен во однос на делувањето на самиот обвинител. Во спротивно, без разлика каков обвинител ќе биде, мислам дека ќе имаме неможност или шанса тој јавен обвинител не до крај да ги реализира своите задачи. Во тој контекст, бидејќи се работи за организационата поставеност на обвинителството, го прифаќам предлог за изменување и дополнување на овој Закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, иако слушнавме доста дискусии и доста добри елаборации, сепак, останува да се каже уште нешто, кога станува збор за остварување на еден правен систем во земјата. Јас го почитувам тоа дека оној кој го предлага проектот до крај да ни образложи дека тој проект е најдобар и дека во моментот нема нешто подобро да се подобри, но сметам дека и во таа насока секогаш останува нешто отворено и може да се надогради.

Сакам да зборувам од два аспекти, а тоа е од формалниот поим на законскиот проект и од материјалниот поим на законскиот проект. За самиот формален поим би сакал да кажам дека ја оправдувам постапката кога станува збор за скратена постапка, дека не станува збор за сложен закон, туку закон кој во суштина треба да го усогласи во хоризонтална смисла, меѓу Законот за судовите и Законот за јавното обвинителство, за да може во еден хоризонтален систем, правниот систем во земјата да може да функционира и успешно да ја извршува својата работа.

IV/8.-

По предложените решенија кои се нудат, во суштина, значи подобрување на текстот и морам да забележам, за жал, еден обид да се направи редефинирање на членот 106 од Уставот на Република Македонија и да му се додадат на Јавниот обвинител малку подруги ингиренции, отколку што му ги дава Уставот, а сето тоа објаснувајќи дека треба да појдеме според западните системи и да се усогласиме со нив. Сметајќи дека членот 106 дефакто е тесна граница на уставното определување или уставниот постулат за доизградување до крај на таа институција во јавен обвинител во Република Македонија. Од тука, сметам дека предлагачот малку ги проширил границите на Уставот и дал одредени одредби во законот кој го нуди, но сепак, после Законодавно - правната комисија и поднесените амандмани сепак се најдовме во уставните рамки и ги разрешивме одредените проблеми.

Сакам да истакнам дека во формалниот поим, законот не е сложен и може Собранието да го донесе како Предлог за донесување на закон, со Предлог на закон, а во материјалниот поим јас реков дека со обидот да се редефинира јавниот обвинител како го дефинира членот 106 од Уставот на Република Македонија и му се додаваат одредени ингеренции, а ингеренциите почнувајќи од изборот на заменик јавниот обвинител, во одговорноста на заменикот јавен обвинител, во функционирањето на самото Јавно обвинителство и оттука мислам дека по теоретските расправи и практичната. примена на членот 106, најдовме решение на Законодавно - правната комисија и ги надминавме сите проблеми.

V/1/СС/лј

**ТУШЕ ГОШЕВ:** (продолжение)

Да истакнам дека Јавното обвинителство како единствен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и заменик јавниот обвинител, јавниот обвинител е институт, а заменик јавен обвинител е супститут на Јавниот обвинител. При секое постапување во сите процесни постапки дефакто го заменува јавниот обвинител и настапува во негово име и нема никаква разлика. Решенијата што ги имаат западните системи дека може министерот за правда во исто време да биде и јавен обвинител, како што е во САД или во оние земји каде што Уставот определува Владата да ги именува сите обвинители, за жал, нашиот плен 10 6 од Уставот на РМ тоа го забрани. Тоа право го дал само на Собранието. Собранието да ги избира јавните обвинители и Собранието да ги именува и замениците.

Ако појдеме од фактот во двојната одговорност ако замениците ги бира Владата на РМ, а јавниот обвинител го бира Собранието на РМ, тогаш станува збор за два домаќина во една иста куќа. Тогаш, ако појдеме од фактот дека ќе имаме хиерархиска субординација, тогаш заменикот пред кого ќе одговара? Дали може заменикот тогаш да одговара пред Јавниот обвинител на РМ во таа субординација или пак ќе одговара пред Владата која го именува заменик јавниот обвинител, а пак сега јавниот обвинител избран од Собранието на РМ одговарајќи пред Собранието на РМ, а со неможност да му нанесе било каква, освен во институционална смисла во авокацијата и делегацијата на предметите, да му го земе предметот, што секогаш во пракса тоа не е изводливо, бидејќи јавното обвинителство не е од еден или два јавни обвинители, туку од повеќе кои ќе настапуваат во земјата, оттука сметам дека таквото двојно однесување е спротивно на членот од Уставот на РМ. При било каква номотехника на пишување и во одговорност, во било какво

образложение во функционална и материјална смисла правиме повреда на членот 106 од Уставот на РМ.

Добро е што министерот сепак се согласи да го прифати амандманот на ЗПК и тие проблеми беа надминати што ги имавме со самиот Предлог.

Не го прифаќам тоа дека не е покушано од Владата на РМ, сепак, во тој проект сепак да се наруши самостојноста на јавниот обвинител. Ако го прочитате членот 16 од предложениот закон, каде што кажува, во членот 19, јавен обвинител на РМ за- својата работа и за работата на јавното обвинителство одговара пред Собранието на РМ, и пред Владата на РМ, подоцна во другите два става каде што Вишиот, основниот јавен обвинител итн., бидејќи почитувајќи го правилото на хиерархиска субординација - секој јавен обвинител му одговара на повисокиот, а повисокиот одговара пред Владата, тогаш вие основано може да го поставите прашањето за неговата самостојност и независност во вршењето на својата функција.

Да се разбереме дека самостојноста и независноста не е само во остварувањето на ингеренциите што ги има јавниот обвинител во процесните закони во кривичната постапка, во сите процесни закони, туку и во мериторното разрешување или материјалното применување на правото за донесување одлуки во конкретното заземање на правни средства пред судовите и пред правните институции во земјата. Ако некој одговара пред некого, тогаш крајно може да се постави прашањето дека може да се влијае и на неговата самостојност и одговорност. И, ако стои дека одговара, тогаш во таа одговорност никаде во законот не е пропишана и постапката како че одговара и зошто че одговара тој јавен обвинител итн.

V/3.-

Ја претпочитам другата димензија што ја има законот и што може позитивно да се одрази во неговата функционална способност да може повешто и подобро да ја извршува својата функција кога одредени ингеренции се пренесени на јавниот обвинител да може да ангажира служби од прогонот. Но, тоа нека биде само почеток и зачеток, бидејќи тоа не е дефинирано со ниту една одредба што ќе значи, кои се тие одлуки и како ќе се постапува во таа постапка. Мислам дека тоа, во еден систем што допрва треба а се изгради, почнувајќи од проценисте закони во земјата што не се донесени, а и од материјалните закони, сигурно дека тоа ќе биде една добра основа, еден добар почеток за отворање на една нова димензија на јавниот обвинител во земјата.

Сакам посебно да истакнам и во правата каде се изедначуваат во законот за судовите на РМ, јас претпочитам кога се дава право треба да му се даде и постапка како ќе го оствари тоа право. Ако вие имате право слободно да се возите во сообраќај а шоферот не ве качи на тој автобус, кои се вашите ингеренции тоа право да го остварите? Дефакто Вие само имате само обична декларација а не правна норма што треба да биде докрај дефинирана и да биде испочитувано правилото - ако даваат некому право мора да му дадете и постапка како да го остварува тоа право. Тој закон тоа го нема.

Има полно одредби што исто и таа одредба во членот 30 в, каде кажува дека јавниот обвинител има обврска да се усовршува, стручно усовршува, што ако не се оспособува? Која е санкцијата? тука нема никаква санкција.

Одредбите во членот 30-ѓ, каде се кажува каква ќе биде неговата организациона поставеност и функционирање, јас го реков тоа и на ЗПК сметам дека тоа е работа на деловник, а не е работа на суд.

V/4.-

Сакам да истакнам основаноста за донесувањето на тој законски проект за самооспособување на Законот за судовите во функционирањето на правосудниот систем во земјата и не правење хоризонтална колизија помеѓу Законот за јавно обвинителство и Законот за судовите. Тука ја гледам правната основа за донесување на тој закон, а решенијата се, се уште еден добар обид да се донесе нешто ново во Републиката, а се уште до крај недефинирано.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Поповски, министер во Владата.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се мислев дали да простам овој пат, бидејќи практично е поддржана идејата за измена и дополнување, бидејќи се согласуваме околу амандманот, основен на ЗПК, за изборот. Меѓутоа, се друго е така кажано што испаѓа дека се што е предложено е во спротивност во членот 106. Од тие причини би рекол, има една поговорка - но за некои никогаш доста.

Еве, го мојот одговор:

Членот 106, беше кажано дека е со измените и дополнувањата проширен во областа на ингеренциите на Јавното обвинителство. во измените и дополната нема никаква измена во ингеренциите на јавниот обвинител. Основниот текст каде се набележани ингеренциите комплетно е негибнат, што значи дека трудот на ингеренциите воопшто не е гибнат. Тоа е прва работа.

Второ, веројатно се мисли околу изборот и се вели - се даваат различни ингеренции од оние во членот 6, еве, на пример се предвидува различен избор на обвинителот. Од кога изборот на обвинителот е ингеренција на обвинителот или влегува во главата за ингеренциите, за надлежностите на обвинителот.

V/5.-

Станува збор за организациона норма како се избира и организира јавниот обвинител. Што значи дека навистина ингеренциите на јавниот обвинител не се изместени, туку се претпочитани тие од основниот текст. А тие се усогласени со членот 106 во делот каде што се вели дека овој орган ги гони сторителите на кривични и други со закон утврдени казнени дела, и врши други работи утврдени со закон. Па, во основниот текст се кажува со тој закон кои и други работи ги врши и претпоставуваат дека со други закони од управната, парничната и друга постапка може да му бидат дадени некои надлежности.

Во целина измените и дополнувањата не го нарушуваат принципот на хиерархиска субординација туку го врзуваат исклучиво за јавниот обвинител на Република Македонија.

Никаде хиерархијата и субординацијата не излегува надвор од рамката на јавното обвинителство. И, никој од обвинителите не може да добива наредба ниту инструкции од кои и да е друг орган освен повисокиот свој претпоставен во рамките на јавното обвинителство.

Од тие причини не знам каде се гледа основот дека се нарушува хиерархијата и субординацијата и конечно, да кажам дека го исчитав основниот текст од член 31.

Со додатокот во точка 6 од членот 31 практично произлегува дека разрешувањето на јавниот обвинител и на заменикот е комплетно објективизирано по принцип на затворена листа и дека Владата нема никаква можност да го смени , по основ на дискреционо право, на слободно наоѓање на волја итн. Што значи кога во предлогот се пред-лагаше избор на овие пониски обвинители, повеќе се одеше Владата да може да избере истакнати правници и логично може да се постави, тоа можам да го прифатам, бидејќи тука единствено има логика дали Владата е во состојба да избере истакнати угледни правници. А,бидејќи

V/6.-

Владата од кога ќе ги избере нема никаква можност да ги смени, тогаш нема никаква логика дека Владата манипулира или може да манипулира со јавниот обвинител. Но, реков го прифаќам образложението и амандманот на ЗПК само затоа што е тоа расположение, а не за тоа што кај мене функционираат тие аргументи. Од формално правна гледна точка членот 106 во ставот 2 зборува: Јавниот обвинител го именува и разрешува Собранието за време од 6 години. Не вели и заменикот. Што значи дека е можно да толкуваме и во формално правна смисла да може со закон да се предвиди избор и на заменикот од друг орган.

Но, бидејќи во логиката на г-динот Туше Гошев во смисла на институт и супститут дека јавниот обвинител е институт, а заменикот е супститут само ќе кажам дека јавното обвинителство е институт. А, обвинителот и заменикот обвинители се функционери, избрани функционери кои ја вршат функцијата на јавното обвинителство. Реков, и еве ќе кажам, за да бидам лош, покрај институт и супститут јавниот обвинител како функционер, бидејќи ја врши функцијата е функционат и имаме институт, супститут, функционат, една тријада на одлични три поими.

Се согласувам само со амандманите на ЗПК, ценејќи го доминантниот факт на расположението и на разбирањето дека она што се предлага во предлогот за измена би ја нарушило самостојноста. Мојата аргументација дека не ја нарушува е единична или е во малцинство и е ред, бидејќи парламентот е тој што носи закони, бидејќи многу не се нарушува освен што се усложнува постапката, јас се согласувам парламентот да ги избира сите обвинители и сите заменици.

Другото во статии ќе го објавиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Бојков.

V/7.-

**ИВАН БОЈКОВ:**

Године потпретседателе, колеги пратеници.

Мислам дека вака навистина ќе навлеземе во некои теоретски расправии, па дури и толкување на Уставот. Токму оваа расправа сега ме иницираше да кажам неколку збора.

Се согласувам дека имаше добри предлози и сугестии и воочени состојби во врска со целокупниот Предлог на закон и мислам дека е добро да не одиме во претпоставки, бидејќи тоа само би ја одолговлекло постапката. вкупните решенија, глобалните решенија сметам дека би останале исти.

Во врска со членот 3 за менување на ставот 5, не се согласувам дека се работи за редефинирање на јавниот обвинител во врска со членот 6 од Уставот. Туку, едноставно, ниту пак каква беше речена оценка на Комисијата дека од тој аспект се предлага амандманот. Туку едноставно останува останува оценката, тоа да биде една оценка дека земајќи ги предвид сите севкупни состојби, степенот на развој на демократските односи кај нас, традицијата и оценката дека во негативна фонотација може да се сфати едно такво решенија со кое што Владата на некој начин би барала да биде присутна и во овој домен на разрешување на односите во јавното обвинителство со бирањето и разрешувањето нивно, да оцениме дека заемајќи ги предвид сите овие состојби, дека е посоодветно, подобро решението Собранието да ја има оваа надлежност.

Јас го сфатив тоа дека избираме една варијанта за која што цениме дека е подобра а не дека е во спротивност со Уставот. со тоа образложение.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Томислав Стојановски.

V/8.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Очигледно дека една ваква ангажирана и елоквентна дискусија на почитуваниот г-дин министер Владо Поповски укажува дека точно оваа материја треба да оди во две фази. Ако беше едноставна оваа измена, ако се работеше само за измена на два-три члена, како и многу пати досега ние ќе го прифатевме тоа и ќе одевме на донесување на измени по итна постапка. Зошто една сериозна материја, а очигледно дискусиите, особено на оние на кои оваа материја им е професија, се неконфронтираат, туку надополнуваат и ја збогатуваат оваа расправа, сметам дека точно тоа е прилог на предлогот на министерот и на Владата да оди во уште една фаза и практично сите овие работи да се елиминираат.

Ги прифаќам сите образложенија на министерот и за искуство во другите земји. Меѓутоа, да се разбереме дека во една Италија еден претседател Џулио Андреоти, еден Силвио Берлускони одговараат за своите дејствија. Ние сме немногу далеку,туку никогаш нема тоа да биде кај нас.Еден Бил Клинтон и една Хелена Клинтон мораат да образлагаат, мораат да се правдаат, мораат да даваат изјави пред компетентен орган, надлежен со Уставот на САД сигурно, и нашите состојби. Затоа не треба воопшто да замериме на она што ние го истакнуваме како пример и како пракса во што можат да се изродат сите тие работи.

На крајот на краиштата и ова денеска јас ќе кажам скандалозно продолжување на седницата, еднаш ја одложуваме за неодредено време, а потоа ја продолжуваме, нека ни биде доволен податок...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа нема врска со дневниот ред...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

.... кои ни се условите а кои се во тие соседни земји кои што како пример беа посочени.

Благодарам.

V/9.-

**ТИТО ПЕТКОСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство.

Кој е за, молам да крене рака?

66 пратеници.

Дали има некој против? (2 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласањето? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Благодарам, не треба да се брои.

Дали е некој против?

8 пратеници.

Дали некој се воздржува од гласањето? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на член 3 став 2 и на член 7.

V/10.-

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 1, и на член 7 став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 3, став 2, за бришеше на член 14, 16, и 18, и на член 19 став 1,2 и 3, со кои не се согласил претставникот на Владата.

Во меѓувреме, министерот во својата дискусија најави согласност односно се согласи.

Пратеникот Сали Рамадани, поднесе амандмани на член 2 став 2, член 3 став 1, и 2, член 4, за додавање нов став 3, член 6 член 9, став 1, за бришење на член 10, член 14 став 2 и 3, член 15 став 2, член 16, член 17, член 18, член 19 став 1, 2 и 3, и за бришење на член 20 по кои Владата не се произнела.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Никола Г. Поповски поднесе амандман на член 30 во новиот член 46-а став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Абдурахман Алити поднесе амандман на член 15 за бришење на став 1 и на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Дане Милошевски и Александар Јакимовски поднесоа амандман на член 15 за менуваше на став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман има иста смисла како амандманот на ЗПК што значи се усвојува амандманот на ЗПК кој што е содржан.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Рамадани, значи го повлекувате.

(Пратеникот Сали Рамадани го повлече амандманот)

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Поповски има збор..

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот на ЗПК кој следи логички по прифаќањето на првиот амандман и предлагам г-динот Сали Рамадани да ги

повлече сите амандмани кој што се преклопуваат со амандманите на ЗПК.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ги повлекувате г-дине?

(Пратеникот Сали Рамадани ги повлече тие амандмани)

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се согласуваме со согласноста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Процедура е процедура, ве молам.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Веќе рече министерот дека го прифати.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нов став 3, поднесен од пратеникот Сали Рамадани. Не знам дали тој спаѓа во овој пакет или не, г-дине министре.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тоа мислам дека се однесува на јазикот, не може да биде прифатен, бидејќи ова е организационен закон, па и материјален, меѓутоа прашањето на употребата на јазиците на националностите како што реков, бидејќи е елемент на процедурата ќе се поставaт и решаваат во Законот за кривичната постапка и Законот за парничната постапка. Првиот е веќе во Владина постапка, а вториот денеска наутро е пратен во Владата. Тогаш^ќе се зафати комплетно таа материја. Не и е тука местото.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, не го прифаќате.

Г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Прво да ви кажам дека не сум многу склон на полемики и реплики, инаку и на г-динот Поповски, да не кажам министерот на Владата, бидејќи јас Владата како таква не ја признавам, па ниту за мене министер постои, прво да му се заблагодарам што мене толку ме почитува, но знаете за љубов треба уште една страна, не е доволно тоа. Приватно можеби, не знам како човек, навистина како дел од Владата, за мене не постои воопшто, како фигура.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За амандманот, ве молам, за амандманот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Јас имам повеќе амандмани, најмалку за 13 се определив, некои веќе се поклопуваат со ЗПК4, значи се прифаќаат, а во прв ред 'јас сум повеќе на оној стариот закон, за мене е подобар и правно дотеран.

Што се однесува до ова мое интервенирање околу јазикот, видете, се тие јазични проблеми некако се одлагаат за подоцна, те ќе биде во овој или оној закон, што би било да речеме катастрофа, кога овој закон би се онака како што јас го интерпретирам Уставот, особено член 7 став 2 и 3 не ќе беше лошо и тука да стои и не би била никаква катастрофа да се употребува јазикот. Значи, според овој закон јазикот никаде ниту се спомнува. Значи, во јавното обвинителство нема да се зборува никако,- можеби само ќе се работи,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?
8 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Г-дин Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Овој амандман е од техничка гледна точка и јас тука повикува на помош од македонистиката, некој професор по лингвистика од македонски јазик, ако и тој се слага, со оваа моја запирка, добро, ако не, тоа е негова работа. Значи, не претендирам многу да се гласа, мислам е дека голема грешка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

3 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ако не се прифаќа овој амандман, значи ова Собрание е против Уставот, против Повелбата на 00Н и против сите конвенции по меѓународното право.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

6 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 10, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот »а Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Во знак на протест и на глупост што не беше прифатен претходниот амандман, ги повлекувам сите понатамошни амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, чувајте го достоинството на овој Парламент.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 14, 16 и 18, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15 за бришење на став 1 и 2, поднесен од пратеникот Абдурахман Алити.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, само кратко да објаснам. Во членот 15 се предлага измена на членот 24 став 2 во однос на правното искуство на обвинителите и замениците и се поставува паралелизам на потребно правно такво искуство на јавниот обвинител на основното јавно обвинителство да биде еднакво на судијата од Основниот суд, на Вишото јавно обвинителство да биде искуството еднакво на судиите од Апелациониот суд и на Јавниот обвинител или Јавното обвинителство на РМ, јавниот обвинител на РМ да биде еднакво на судиите од Врховниот суд. Бидејќи постапуваат по хоризонтала на исто ниво се побарува иста квалификација и се востановува стандард.

Втор аспект, бидејќи беше во дискусиите искажано особено кај г-динот Билали, овие години што се бараат 5 години правно искуство за основниот, 7 и над 9 за последното воопшто не значи стеснување на изборот со оглед на генерациите бидејќи претпоставува обвинители со старост некаде околу 28 или 30 години за основно околу 35, за вишо обвинителство, и околу 38 за обвинител на РМ. Тоа се годишта или со оглед на генерациската припадност кој што се многубројни, второ, со доволен стаж за да може да ги носи сложените проблеми. Предлозите кој што одеа на 3, 5 односно 7 години претпоставува на пример генерациско зафаќање на генерацијата од околу 25, 26 години за обвинител во основното судство, некаде околу 28 за вишото и околу 33 години за обвинител што ќе постапува пред Врховниот суд. Сметаме дека тоа би било недоволно за стручно, компетентно вршеше на функцијата.

VI/9

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, амандманот има функција да се задржи сегашното решение на Законот за јавното обвинителство. Сега се поставува прашањето дека законот за судовите беше подоцна донесен и потребата односно оценката за потребата дека и овој закон треба да се усогласи, да се воспостави еден паралелизам со решенијата прифатени во законот за судовите. Ќе беше многу поразумно законот за судовите да ги прифатеше решенијата од постојниот закон од обвинителство, меѓутоа таа работа е испуштена. Искрен да бидам, само потребата за воспоставување на паралелизам помеѓу судиите и обвинителите кој постапуваа на исто ниво, за мене не е доволен аргумент да не се прифаќа амандманот.

Второ, министерот многу убаво објасни кој генерации обвинители, судии ќе дојдат во предвид да постапат во функција на јавен обвинител и под идеални услови ги спомна годината дека дипломираниот правник, тој што навреме завршува има околу 23-24 години и веднаш се вработува, стекнува искуство од 5, 7 или 9 години, и доаѓаме до тие бројки што министерот ги кажа, Ако се има предвид фактот дека голем број на правници за вработување чекаат и по 10 и по повеќе години, тој веќе се вработува со години на старост од околу 35 и 10 му требаат за да стане обвинител, тоа е човек до 45-46 години, што мислам дека и тој аргумент не држи.

Трето прашање е, пак ќе се вратам на паралелизмот. Таму се работи за судска власт, се работи за судија кој што ги анализира доказите и тн. и тн., тука се работи за гонење чисто по кривичен закон или по друг закон и тука е потребна една рутина која што може да се стекнува и со работно искуство предвидено со постојниот закон.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

9 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 за бришење на став 1 и 2, поднесен од пратеникот Абдурахман Алити.

Отворам претрес по амандманот на член 15 за менување на став 1, поднесен од пратениците Дане Милошевски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, драги колеги, почитуван министре на правда од македонската Влада.

Овој амандман како што рече и претходниот колега е сличен на неговиот, меѓутоа, измените се состојат во првиот дел на предлозите по измените на постојниот закон, што значи во првиот дел од измените се содржани за јавното обвинителство, јавното обвинителство во основните

судови. Предлогот на Владата е да се измени од 3 на 5 години стаж, на судија со положен правосуден испит, после полагање на правосуден испит.

Јас го прифаќам образложението дадено во претходниот амандман на министерот за правда, меѓутоа не се согласувам со него до крај. Ова е една генерација на млади судии кој што своето вработување го стекнаа дури по 30-те години. Две години по вработувањето положување на правосуден испит, 32 години, 3 години стаж - 35 години, најплодотворните години за еден млад професионален стручњак. Еден голем дел од генерацијата ќе остане без право на конкурирање во основното обвинителство. Можеби ние како Парламент направивме пропуст кога беше законот за судовите, не ја спуштивме таму границата од 5 на 3 години.

VII/1.-/РД/ОМ

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ**: (Продолжение)

Според мене еден млад професионалец 5 години кога ќе помине низ просториите на судот е доволно стручен да ја врши функцијата обвинител во основното обвинителство. Друга е работата во вишото обвинителство, таму нека си остане 9 години како што предлага министерот. Јас ќе го замолам парламентот да ми даде една поддршка во име на сите оние другари господа правници кој се на возраст између 30 и 40 години да имаат право да конкурираат за јавни обвинители во основното обвинителство. И уште една друга работа ние кога го донесовме Законот за судовите не бевме скромни, па како што рече колегата во секое село донесовме основен суд , тие судови сега треба да се потполнат професионално. Ние пратениците од внатрешноста ќе имаме голем проблем околу изнаоѓање на правници со положен правосуден испит кој ќе го заземат местото на јавен обвинител на јавните судови. Некој ќе рече овде дека има такви луѓе во поголемите градови, како што се Скопје, Битола, Штип, Велес и ќе ги пополнат местата во Кратово, Крива Паланка, Пробиштип, Виница, Демир Хисар. Меѓутоа со сите тие дополнувања државниот буџет ќе се оптовари со уште поголем трошок, бидејќи луѓето што ќе тргнат од Скопје ќе чинат и пат и дневници и ќе ја чини и оваа држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (23)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 за менување на став 1 поднесен од пратениците Дане Милошевски и Александар Јакимовски.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 , 2 и 3 поднесен од ЗПК.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 30 во новиот член 46-а став 2 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Молам за информација дали има кворум за одлучување.

65 пратеници се присутни.

Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Кој е против? (2)

Кој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Јавното обвинителство.

Минуваме на **точката 3** – Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали е некој против? (1 )

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Веројатно некој не гласал.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (5 )

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменува ње и дополнување на Законот за семејството.

Минуваме на **точката 4 -** Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот за Македонската филхармонија - Скопје за именување на работоводен орган.

Предлогот на одлуката Ви е поделен, отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Советот на Македонската филхармонија - Скопје за менување работоводен орган.

Минуваме на **<u>точката 5</u>** - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Скопје.</u>

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Скопје.

Минуваме на **<u>точката 6</u>** <u>- Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Ресен.</u>

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (56)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Ресен.

Минуваме на **точката 7** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Крушево.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Крушево.

Минуваме на **точката 8** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Радовиш.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката , молам да крене рака?(62)

Кој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(5)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Радовиш.

Минуваме на **точката 9** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Неготино.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Бидејќи овде на оваа говорница при утврдувањето на дневниот ред, еден од членовите на Комисијата за именување кажа дека предлозите стигнале доцна ,со оглед дека се работи за Управниот одбор на општина Неготино би сакал ако може да бидам информиран еве каква е таа процедура на предлагање, бидејќи пред ова Собрание предлагач е Комисијата, а чувме дека до Комисијата стигнале некои предлози од каде и како , па би требало во таа процедура да бидеме некако вклучени и да знаеме каква е таа процедура.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам Комисијата побара во писмена фора овие точки да се уврстат на денешната седница и ние при утврдувањето на дневниот ред ги внесовме во дневниот ред.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам проведурата е општо позната. Специфичноста е во тоа што предлозите, барањата за именување на оние организации на кои им истекол мандатот се доставуваат до Министерството за здравство. Министерството за здравство, согласно законските прописи ги доставуваа до Секретаријатот за кадри при Владата на Република Македонија. Секретаријатот за кадри доставува можни предлози до Комисијата, иницијални предлози. До последната седница на Комисијата за избор и именување овластен орган во Собрание на Република Македонија со Одлука на Собрание, не во овој состав, во минатиот, беше Комисијата за избор и именување да ги носи одлуките во конечна и завршна фаза, но Комисијата на минатата седница оцени, со оглед на намалениот обем на надлежности во Собранието на Република Македонија во делот на именување и избори кој настанаа со тековниот период со измените на законски прописи кој што огромен дел помина во надлежност на други институции во Република Македонија, следејќи го демократскиот принцип дека е по демократски Комисијата да изгради само предлози, а конечната одлука ја донесе ова Собрание, ние заклучивме дека тие предлози не треба да ги носиме во конечна и завршна фаза, но треба да ги доставиме како предлози до Собранието на Република Македонија на расправа и на конечно одлучување. Од тие причини овие точки на дневен ред денес се сврстени во седницата на Собранието, согласно и Деловникот за работа на ова Собрание. Собранието изјаснувајќи се по дневниот ред, тоа е го прифати. Сметам дека не е лошо тоа прашање овде да се случи овде на демократски

VII/9.-

начин да се чујат разни мислења , со оглед дека се работи за осетливи прашања за органи на управување во здравствени организации кои треба да функционираат две години. На тој начин е дојдено до оваа процедура. Морам да кажам дека имаше голем број на измени на самата седница од иницијалните предлози од пратеници кои се присутни во Комисијата за избор и именување и добар дел на предлози беа акцептирани со Деловникот за работа на Комисијата што е денес Предлог до Вас.

Ја користам приликата да се произнесам и за некои наоди што беа искажани по повод утврдување на дневен ред на оваа седница, затоа што немав деловничка можност тоа да го направам, Деловникот тоа не го дозволува да се отвори расправа по повод конкретен предлог на дневен ред на одреден пратеник, се гласа или да не се гласа за неговиот предлог, да го кажам следното. Наодите на колегата пратеник по прашањето дека не е запазен демократскиот принцип , односно дека се нарушени деловничката работа, односно деловничките одредби за работа на комисијата за избор и именување не држат од проста причина, доколку држеа претседателството и претседателот на Собранието кој исто така, за жал, гласаше за тој предлог е надлежен согласно Деловникот да не го уврсти на дневен ред нашиот предлог од Комисијата за избор и именување. Но како дефакто е ситуацијата ние овде го добивме на маса и во сценариото и како што слушнавме се расправаше по тоа прашање, а конечно и Собранието одлучи по тоа прашање. Овде беше речено дека одредени директори и пратеници вршеле притисок за некои кадровски решенија и дека тоа го образложи претседателот на Комисијата на седницата на Комисијата. Морам да кажам поврзано со овие 27 точки за управните одбори во овие здравствени домови и установи и управните одбори во здравствените заводи не е употребен на Комисијата никаков израз притисоци и т.н. Точно е дека на Комисијата по повод две други точки е употребен терминот притисоци , тоа е

прашањето во врска со Комисијата за што расправаше по повод приговорот на Ветеринарната станица од Кавадарци во која што секојдневно се јавуваат граѓани, поради одредени манипулации со вработените таму за кои приговор Комисијата формира свој став и дека изнесените ставови по однос на овие предлози се чиста инсинуација. Веројатно тоа е само обид за промоција на едно ново можеби опозиционо однесување на така наречените либерали. Јас коментар немам по тоа, прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам расправаме за 9-та точка.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

По се изгледа и потпретседателот не ме разбра што кажав јас, а не знам на кого се однесуваше ова од г-динот Наќе, ако се однесуваше за мене и затоа не ме разбра. Прашањето беше следно. Овде и покрај тоа што Наќе со сите напори сакаше да покаже или можеби е убеден во тоа дека овде имаме демократизација на односите, јас го поставив следното прашање. Бидејќи Комисијата кадровска, или како ја нарекуваат, го даде овој предлог овде , до сега не било тоа пракса, туку Комисијата сама одлучувала . Сигурен сум дека тоа е еден степен на демократизација. Јас немав забелешки по тоа што тие работи доаѓаат на Собрание.

VIII/1.- JJ-ВБ

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Имав забелешка, односно немав ни забелешки туку имав прашање. Наиме се работи за следното - на таа комисија доаѓаат предлози, колку што го чув Наќе од министерствата, кои што дефакто се предлагачи на членовите на управните одбори. Прашањето мое беше следно бидејќи таму во општините ги прашуваат, ако власта владее неспорно е дека треба да владее, дали овие управни одбори односно членовите во нив, барем трунта влијание или мислење не се собере некаде од некој орган од таму каде што ги бираме. А со демократизацијата на ваквиот начин на изјаснување, друг пат ќе имам посебно мислење. Гледате колку сите ние добро гласаме за членови на управните одбори кои што не ги ни знаеме ни познаваме. Тоа е таа демократизација. Прашањето ми беше значи, колку што разбрав и задоволен сум од одговорот дека предлагањето на членовите на управните одбори доаѓаат директно од министерствата или од некој таканаречен секретаријат за кадровски прашања при Владата, таа ги предлага а Комисијата тука има да ги демократизира, па уште подемократско да биде да се одлучи на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

По предлогот на одлуката за избор на членови на управниот одбор во здравствениот дом во Неготино дали има уште прашања.

Има збор г-дин Најдов.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе интервенирав од една проста причина процедурално, дозволите на говорница директно обраќање од друг пратеник, и сметам дека го имам правото да реплицирам после излагањето на г-динот Стојановски, а тоа не ми го дозволивте а сметам го имам тоа право да ми дозволите директно да реплицирам, зашто директно мене ми се обрати.

VIII/2.-

Прво, овде беше речено не знам г-динот Стојановски го ценам како претседател на Комисијата за избори и именувања ја забележав дека малку закасни кога јас почнав да го образлагам моето барање за одлагањето на овие точки од давениот ред и спореше со моите наводи кои што беа изнесени во однос на одлуките за здравствени домови и медицинските центри во Републиката. Моите наводи и аргументи за одлагање на овие точки од дневниот ред не беа ништо друго туку беа од принципиелни прашања и тоа како прво Комисијата имаше принципиелен став порано договорен да не разгледува никогаш материјали кои што ќе пристигнат на седницата или пред самата седница. Тука се останатите членови на Комисијата, г-динот Кадриу и другите, нека кажат дека е тоа принципиелен став . Но, и на Комисијата бевме надгласани по однос на тоа прашање и принципот тогаш беше прекршен. Вториот мој наод беше дека по кажувањето на г-динот претседател на Комисијата на мое директно прашање на Комисијата дека истите материјали стигнале на 29 во Собранието на РМ. Материјалите што ни беа доставени за Комисијата по исклучок или не знам од која причина немаа ниту печат кога се примени и како се примени. Јас не знам, зошто претседателот се повлекува од изјавата дека имаше притисоци до голем број на директори, не само кај него лично туку и на други места по однос на избор на членовите во управните одбори во овие здравствени установи. Ние сфативме, на Комисијата многу колегијално разговаравме и сфативме дека ги има таквите притисоци и тоа беше образложено на Комисијата. Не знам зошто сега таа причина дали е тоа дека не сакаме да се замериме со одделни директори или установи или од некои други причини, но верувајте ми начинот на кој што ние денеска постапуваме, а јас сум убеден дека ние еве ги немаме ниту прочитано имињата на луѓето што денеска се предлагаат во управните одбори што е лоша пракса и лошо ќе ни се одрази. Од тие причини јас барав повлекување на точките а не од други и не знам кој од овие мои три

наводи не беа точни. Дали не е точен наводот дека ни беше на самата седница поделен тој материјал, дали не е точно дека материјалот беше без печат, дали не е точно дека тие материјали пред тоа беа пристигнати во Собранието, а не беа испратени во Комисијата, и дали не е точен наводот дека сега непосредно се поставуваат односно се доставени на останатите пратеници. Од тие причини јас барав одлагање а не од други. Или некој, ако се има моќ на фантазија и размислувања, тоа е негово право.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас немам ништо да додадам на она што пред малку го кажав. Точно е дека материјалите денес се поделени овде на клупите. За тоа Комисијата не сноси ништо зашто Комисијата односно претседателот благовремено, истиот ден нејќна ги достави до Собранието, до стручната служба. Доказ за тоа дека сме ги доставиле на време е направеното сценарио што е влезено. Тоа што непосредно пред самата седница е делен материјалот, веројатно се работи за некои технички работи. Инаку поинаку не може да се толкува ако е готово сценариото како ќе тече седницата, а материјалите непосредно пред самата седница да се доделат а се испратени уште од нејќна. Јас немам влијание на стручната служба како и што да работи и ве молам, а по повод наводите ако треба да одлучува ова Собрание, нека се изјасни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Ниту еден)

Кој се воздржува од гласање? (6 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом Неготино.

Минуваме на **точката 10** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствената станица Железара - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес, молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (8)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Здравствената станица Железара - Скопје.

Минуваме на **точка 11** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар Кавадарци.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Кој е против? (нема)

Дали има воздржани? (4)

VIII/5. -

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар Кавадарци.

Минуваме на **точка 12** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар Гостивар.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, должен сум да ве информирам во врска со изборот на Управниот одбор во Медицинскиот центар во Гостивар. Имено, пред почетокот на седницата ја подготвив амандман, меѓутоа во текот на седницата добив информација дека не се можни, од страна на секретарот на Собранието, амандмански интервенции на одлука за именување на членови на Управен одбор. Токму поради тоа излегов на говорница да ве информирам зашто излегов и зашто поднесов таков амандман. Комисијата за избор и именувања при Собранието на РМ расправаше за предложените кандидати што беа во процедура односно предложени во периодот кога во Медицинскиот центар во Гостивар имаше в.д. работоводен орган.

Во меѓувреме со одлука на министерот за здравство во Медицинскиот центар во Гостивар се именува нов директор односно нов работоводен орган и сосема нормално е да се покрене нова процедура за формирање на Управниот одбор а согласно со тоа и надворешните членови односно членовите по предлог на Собранието. Бидејќи тие предлози беа поставени на 6, на истиот ден кога се одвиваше расправата во Комисијата за избор и именуваше а материјалите се пристигнати на 8, Комисијата расправаше врз основа на предложените кандидати кои што биле во процедура во периодот кога во Медицинскиот

VIII/6.-

центар во Гостивар имаше в.д. работоводен орган. Сега остануваат две можности или да се интервенира со амандмански корекции, а добив информација дека таква можност не постои, или пак уште еднаш да се обратиме до Комисијата за избор и именувања. Незнаејќи дека амандмански интервенции не се можни, барем оваа одлука денеска да се повлече од дневниот ред за да се даде еден празен простор за можни решенија. Доколку и тоа не е можно, веројатно ќе треба да се покрене после извесен период процедура за измена на Одлуката на Комисијата за избори и именувања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор. Се разбира деловнички единствен предлагач е Комисијата за избор и именувања за членови на управни одбори.

Има збор г-дин Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас во обраќањето на колегата пратеник не слушнав доволно аргументи кога се работи аз расправа поединечна по овој повод за членовите внатре, зошто да се одложи донесувањето на одлуката. Затоа немаше доволно аргументација. Аргументација што ја изнесовте вие дека во времето кога заседавала комисијата дека тогаш бил друг в.д. директор а сега има директор не е никаков аргумент за да може да се одложи расправата во ваков состав. Ако имате некои валидни забелешки на составот со кој ќе не убедите овде како пратеници и Комисијата, јас немам ништо против ако времето трпи да се врати оваа предлог - одлука повторно на Комисијата уште еднаш да се разгледа.

**КЕНАН ХАИСИПИ:**

Мислам дека сме на иста бранова должина, меѓутоа јас овде само испуштив да речам дека имаме забелешки на персоналниот состав и токму заради тоа што имаме такви забелешки јас поднесов амандмани. Амандманот не ми го умножија бидејќи во консултации со секретарот и

правната служба тоа не ми го дозволија инаку имам конкретен предлог. Сега не знам по која процедура треба да се направи. Ако има можност да се гласа тогаш да го предложам предлогот усно и да се гласа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не може. Ако ви го прифати Комисијата предлогот на Собранието и таа да го предложи и тогаш да се гласа. Вие поединечно не можете зашто предлози дава само Комисијата.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Нека гласа Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро вие господине Хасипи имате предлог и дајте го.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Имам конкретен предлог наместо Матевски да дојде Миодраг Јевремовски, директор на ХЕЦ "Тито" -Гостивар. Дозволете да бидам дециден до крај имавме и други можни измени, меѓутоа јас не можам да предложам двајца или тројца, односно барем би можеле да направиме една измена. Со друга процедура ние ќе можеме да направиме повеќе измени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има други предлози.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Ќе бидам сосема краток. Мислам дека критериумите врз база на кои оваа Комисија ги предлага овие членови, според мое размислување барем за овие во Гостивар, овие воопшто не се асални и не задоволуваат елементарни работи. Зошто го кажувам тоа? Прво, во оваа

Комисија изгледа се прави преседан и намерно не се предлага ниту еден пратеник да биде член, иако во грото од Комисиите има членови пратеници. Второ, Матевски не е одборник на Собранието на општина Гостивар. Човекот нема верифициран мандат од Собранието на општина Гостивар, што значи информацијата не е точна. Трето, кандидатот под реден број 3 и 4 Зулфиќари по професија е железничар. Ако сега вие мислите дека со таа професија нешто ќе придонесе во успешното работење на Медицинскиот центар, не знам каков е тој аргумент. Понатаму Џелил Таири,бивш пратеник работи во Царина исто така нема не знам какви квалитетни познавања од аспект на квалитетно работење во областа на Медицинскиот центар и да не должам, мислам дека воопшто не се уважени и почитувани никакви асални критериуми тие членови што ќе бидат во Управниот одбор навистина да придонесат за адекватно работење на Медицинскиот центар во Гостивар. Предлагам овој Парламент да не го усвои предлогот одлуката да се гледа денеска, со што би имале прилика да предложиме нов состав, кој што состав вие ќе го гласате од позицијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, да нема забуна, значи имавме предлози да не се усвои оваа одлука и во предлогот на г-дин Хасипи и на г-дин Османи се разбира, право е на пратениците како ќе гласаат. Работата ќе се врати на повторна постапка ако предлогот на одлуката не биде усвоен.

Има збор г-дин Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека законот бара во однос на составот на управните одбори, пред се, стручност и компетентност во функцијата на управување со организацијата. Кога се изнесуваа аргументации за одделните личности овде не треба на некој начин да се кажуваат само

такви факти  кои што на некој начин ќе ги дискредитираат личностите од аспект на компетентност и стручност. Ве молам, компетентноста и стручноста верувам дека се разбира дека не подразбира само формално правно образование. Конкретно за г-дин Зулфиќари вие рековте дека е железничар, а не кажавте дека долги години беше претседател на Собранието на општина Гостивар и дека како таков успешно ја водеше цела општина, на начин кој што беше успешен односно дека има широки познавања, компетентни од поширока област, и од економија и од општествено - политичкиот живот и од дејностите ги познава условите. Само за илустрација, значи кога се кажува за некој на тој дел, мислам за личностите, треба да се каже целата состојба каква што е. Инаку за другите што изнесовте ја не знам дали така стои, но еве еден конкретен пример а вие изнесувате само да го дискредитирате, односно за неговата стручност и компетентност што не е во ред. Би требало за секој предлог да се застане со аргументација. Јас не знам, еве деловнички ако може кажувам уште еднаш се согласувам да се врати предлогот уште еднаш да го прегледаме, ништо не е спорно а ако не, како ќе се изјасни Собранието така ќе остане.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас кога ја негирав стручноста на господинот пред се имав размислување од аспект на она, според мое размислување, познавајќи го и како управител на "Железници" и како "бивш" претседател на Собрание дека не е адекватната личност која може да придонесе од аспект на она што е управување и раководење, бидејќи имам читано пет - шест книги од тој домен господине Наќе Стојановски.

Ако вие размислувате, можеби сте биле во контакт со него во времето додека бил претседател на Собранието, па цените на база негови кажувања дека он бил толку компетентен, способен, тие нека бидат лични ваши размислувања. Инаку би било сходно на објективноста луѓето кои ги предлагате во тие комисии да постојат елементарни податоци на база на кои и во Собранието ќе можеме да кажеме колку толку, да се информираме, за да можеме да одлучиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Стојановски дали може вашиот предлог, односно дискусија да ја сфатиме како предлог оваа точка да се одложи за наредна седница.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако нема деловнички пречки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Можно е деловнички.

Предлогот оваа одлука да се одложи од денешната седница заради тоа комисијата да ги преоцени дополнителните наоди, ја ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Според тоа, предлогот не е усвоен.

Дали некој друг бара збор во врска со овој предлог?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе се обидам да појаснам некои работи. Веројатно му беше непријатно на почитуваниот наш колега Руфи Османи да ја каже вистината, а навистина нема смисла да дискутираме и поединечно.

Пред се за разлика од сите состави во овој состав не е застапен ни еден републички пратеник од Гостивар. Тоа е основната забелешка.

Второ, за да биде оваа работа појасна, да не вртиме многу наоколу, Десо Матевски е претседател на Социјалистичката партија за Гостивар и во тој одбор и следната точка кога ќе дојде за Тетово исто Мирко Трипуновски, мојот почитуван и драг колега е од Социјалистичката партија. Според тоа значи министерот за здравство социјалиста и во овие два одбора мора да имаме од тој состав. Што да комплицираме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

46 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

6 пратеника се против

Дали некој се воздржува од гласање?

5 пратеника се воздржуваат од гласање.

Молам да се провери состојбата со пратениците во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Бидејќи дури сега имаме кворум за одлучување Предлогот на одлуката повторно го ставам на гласаше.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

48 пратеници се за.

Дали има некој против?

5 пратеника се против..

Дали некој се воздржува од гласање?

6 пратеника се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар - Гостивар.

Минуваме на **точката 13** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар - Титов Велес.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

55 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

3 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

4 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар - Титов Велес.

Минуваме на **точката 14 -** Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар - Струга.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас само да поставам едно прашање заради појаснување.

Првиот кандидат е во функција на помошник министер за здравство. Дали може тој да биде на ова место бидејќи ако е тоа така, може евентуално да биде и заменикот и министерот на вакво место.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој).

Добиваме потврда дека нема никаква пречка да биде член на Управниот одбор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака.

50 пратеника гласа за.

Дали има некој против?

4 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеника се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар - Струга.

Минуваме на **точката 15** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор за Заводот за нефрологија - Струга.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

52 пратеника гласа за.

Дали има некој против?

3 пратеника се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за нефрологија - Струга.

Минуваме на **точката 16** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Специјалната детска болница - Охрид,

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

50 пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

Никој.

Дали некој се воздржува од гласање?

3 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Специјалната детска болница - Охрид.

Минуваме на **точката 17** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште "Минерални бањи" - Негорци, Гевгелија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

50 пратеника гласа за.

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?

4 пратеника се воздржуваат од гласање.

Очигледно некои постојано не гласаат.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште "Минерални бањи" - Негорци, Гевгелија.

Минуваме на **точката 18** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита - Титов Велес.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

55 пратеника гласа за.

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање?

4 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита - Титов Велес.

IX/7.-

Минуваме на **<u>точката 19</u>** - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита - Куманово.</u>

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

55 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?

4 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита - Куманово.

Минуваме на **<u>точката 20</u>** - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Пробиштип.</u>

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара -збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

54 пратеника гласа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?

3 пратеника се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Пробиштип.

IX/8.-

Минуваме на **точката 21** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Пехчево.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

56 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Пехчево.

Минуваме **на точката 22** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Берово.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

57 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеника се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Берово.

IX/9.-

Минуваме на **<u>точката 23</u>** - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар - Тетово.</u>

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

57 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?

3 пратеника се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар - Тетово.

Минуваме на **<u>точката 24</u>** - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита - Тетово.</u>

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита - Тетово.

IX/10.-

Минуваме на **<u>точката 25</u>** - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Републичкиот завод за здравствена заштита - Скопје.</u>

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

56 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Републичкиот завод за здравствена заштита - Скопје.

Минуваме на **<u>точката 26</u>** - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита - Штип.</u>

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеника се воздржуваат од гласање.

IX/11.-

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита - Штип.

Минуваме на **<u>точката 27</u>** - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита - Кочани.</u>

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеника се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита - Кочани.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Триесет и осмата седница на Собранието.

(Седницата заврши со работа во 15,30 часот).